СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес

Излегува по потреба

Број 20 година LIV

28 ноември 2018 година

Бр.329

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 18/10, 15/14 и 15/18)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес

Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 26.11.2018 година.

Број 08-6077/1
28.11.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Сл. весник на РМ“ бр. 68/04 ...163/18) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09, 18/10,15/14 и 15/18)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.11.2018 година, донесе

О Д Л У К А
за изменување и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес

Член 1

Во Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.2/2018) во член 3 се менува табелата во нова табела која гласи:

Ред. бр.	Број на линијата	Име на линијата	Траса на линијата
1	2	3	4
1	1	**Долни Дуќани - Автобуска станица - Превалец**	
		Насока: Долни Дуќан и - Автобуска станица - Превалец	Преку улиците: Димко Најдов“, „Петре Прличко“, „Кресненско востание“, „Димитар Влахов“, „Илинденска“, „Гоце Делчев“, „Страшо Пинџур“, „8-ми Септември“, „А.Д.Бауман“, „АСНОМ“, „Борис Трајковски“, „11-ти Октомври“, „Андон Шурков“ и „Благој Ѓорев“
		Насока: Превалец - Автобуска станица - Долни Дуќани	Преку улиците: „Благој Ѓорев“, „8-ми Септември “, „Илинденска“, „Димитар Влахов“, „Кресненско востание“, „Петре Прличко“, „Ангел Мишев“, „Димко Најдов“
2	2	**Автобуска станица - Железничка станица - Автобуска станица**	Преку улиците: „Петре Прличко“, „Кресненско востание“, „Димитар Влахов“, „Илинденска“, „Гоце Делчев“, „Страшо Пинџур“, „8-ми Септември “, „А.Д.Бауман“, „Васа Кошулчева“, „АСНОМ“, „Наум Наумовски-Борче“, „Благој Ѓорев“, „8-ми Септември “, „Илинденска“, „Димитар Влахов“, „Кресненско востание“, „Петре Прличко“
3	3	**Автобуска станица - Којник - Автобуска станица**	Преку улиците: „Петре Прличков“, „Анѓел Мишев“, „8-ми Септември“, „Гоце Делчев“, „Страшо Пинџур“, „8-ми Септември“, „А.Д.Бауман“, „Наум Наумовски-Борче“, „Благој Ѓорев“,„Васил Ѓоргов“, „Плоштад Којник“, „Васил Ѓоргов“, „Благој Ѓорев“, „8-ми Септември “, „Илинденска“, „Димитар Влахов“, „Кресненско востание“, „Петре Прличко“
4	4	**Велес – Раштани до нови гробишта Велес**	Преку улиците: „Димко Најдов“, „8-ми Септември“, „Гоце Делчев“, „Страшо Пинџур“, „8-ми Септември“, „А.Д.Бауман“, „АСНОМ“, “Борис Трајковски“, „11-ти Октомври“, „Андон Шурков“, „Благој Ѓорев“, „Луј Пастер“.

5	5	**с. Чолошево – Велес – с. Чолошево**	Преку с. Дорутовец, Трпезица и улиците: „Димитар Влахов“, „Петре Прличко“, „Кресненско востание“, „Илинденска“, „Гоце Делчев“, „Страшо Пинџур“, „8-ми Септември“, „А.Д.Бауман“, „АСНОМ“, „Борис Трајковски“, „Благој Ѓорев“, „8-ми Септември“, „Илинденска“, „Димитар Влахов“, „Кресненско востание“, „Петре Прличко“, „Димитар Влахов“, „Трпезица“, „с. Дорутовец“, „с.Чолошево“.
6	6	**с. Црквино – Велес – с. Црквино**	Преку Венуле, Бабуна и улиците: „Димко Најдов“, „8-ми Септември“, „Гоце Делчев“, „Страшо Пинџур“, „8-ми Септември“, „Алексо Д. Бауман“, „АСНОМ“, „Борис Трајковски“, „Благој Ѓорев“, „8-ми Септември“, „Димко Најдов“, „Бабуна“, „Венуле“, „с. Црквино“.
7	7	**с. Караслари - Велес – с. Караслари**	Преку Бабуна и улиците: „Димко Најдов“, „8-ми Септември“, „Гоце Делчев“, „Страшо Пинџур“, „8-ми Септември“, „Алексо Д. Бауман“, „АСНОМ“, „Борис Трајковски“, „Благој Ѓорев“, „8-ми Септември“, „Димко Најдов“, „Бабуна“, „ с. Караслари“.
8	8	**с. Иванковци - Велес – с. Иванковци**	Преку Мамутчево и улиците: „Димитар Влахов“, „Петре Прличко“, „Кресненско востание“, „Илинденска“, „Гоце Делчев“, „Страшо Пинџур“, „8-ми Септември“, „А. Д. Бауман“, „АСНОМ“, „Борис Трајковски“, „Благој Ѓорев“, „8-ми Септември“, „Илинденска“, „Димитар Влахов“, „Кресненско востание“, „Петре Прличко“, „Димитар Влахов“, „ с. Мамутчево“, „с.Иванковци“.
9	9	**с. Бузалково - Велес – с. Бузалково**	Преку с.Раштани и улиците: „Раштански пат“, „Андон Шурков“, „Благој Ѓорев“, „8-ми Септември“, „Илинденска“, „Димитар Влахов“, „Кресненско востание“, „Петре Прличко“, „Кресненско востание, „Димитар Влахов“, „Илинденска“, „Гоце Делчев“, „Страшо Пинџур“, „8-ми Септември“, „Алексо Д. Бауман“, „АСНОМ“, „Борис Трајковски“, „11-ти Октомври“, „Андон Шурков“, „Раштански пат“, „с. Раштани“, „с. Бузалково“.

10	10	**с. Оризари - Велес – с. Оризари**	Преку Свилара, Превалец и по улиците: „Благој Ѓорев“, „8-ми Септември “, „Илинденска“, „Димитар Влахов“, „Кресненско востание“, „Петре Прличко“, „Кресненско востание“, „Димитар Влахов“, „Илинденска“, „Гоце Делчев“, „Страшо Пинџур“, „8-ми Септември“, „Алексо Д. Бауман“, „АСНОМ“, „Борис Трајковски“, „11-ти Октомври“, „Андон Шурков“, „Благој Ѓорев“, „Превалец“, „Свилара“, „с. Оризари“.
11	11	**с. Кумарино - Велес – с. Кумарино**	Преку Сујаклари, Отовица, Башино Село и улиците: „Академик Пенчо Давечев“, „Димитар Влахов“, „Петре Прличко“, „Кресненско востание“, „Илинденска“, „Гоце Делчев“, „Страшо Пинџур“, „8-ми Септември“, „Алексо Д. Бауман“, „АСНОМ“, „Борис Трајковски“, „Благој Ѓорев“, „8ми Септември“, „Илинденска“, „Кресненско востание“, „Петре Прличко“ „Димитар Влахов“, „Академик Пенчо Давечев“, „Башино село“, „с. Отовица“, „с. Сујаклари“, „с. Кумарино“
12	12	**Башино село - Велес - Башино село**	Од Башино село преку улиците: „Вардарска“, „АСНОМ“, „Борис Траковски“, „Благој Ѓорев“, „8-ми Септември“, „Илинденска“, „Димитар Влахов“, „Кресненско востание“, „Петре Прличко“, „Кресненско востание“, „Илинденска“, „Гоце Делчев“, „Страшо Пинџур“, „8-ми Септември“, „Алексо Д. Бауман“, „АСНОМ“, „Борис Трајковски“, „Благој Ѓорев“, „Наум Наумовски - Борче“, „Шорка“, - „Башино село“
13	13	**с. Клуковец – с. Бузалково – с. Клуковец**	Преку с. Сливник
14	14	**Сливник – Велес - Сливник**	Преку с.Клуковец, с.Оризари, Свилара, Превалец и по улиците: „Благој Ѓорев“, „8-ми Септември“, „Илинденска“, „Димитар Влахов“,„Кресненско востание“, „Петре Прличко“, „Кресненско востание, „Димитар Влахов“, „Илинденска“, „Гоце Делчев“, „Страшо Пинџур“, „8-ми Септември“, „Алексо Д. Бауман“, „АСНОМ“, „Борис Трајковски“, „11-ти Октомври“, „Андон Шурков“ „Благој Ѓорев“, „Превалец“, „Свилара“, „с. Оризари“, „с. Клуковец“ и „с.Сливник“.

Член 2

Членот 17 се менува и гласи:

„Со тарифниот систем се определува цената на превозот на општинските линии.

Превозникот кој има добиено линија согласно утврдената мрежа на линии, доставува до општината предлог тарифник за секој возен ред поединечно.

Согласност на предлог тарифникот дава Советот на Општината.

За измена на ценовникот по предлог на превозникот одлучува Советот на општината.“

Член 3

Членот 18 се менува и гласи:

„Превозните услуги се наплатуваат преку возен билет купен во возилото или претплатен билет.

Возните и претплатните билети ги обезбедува превозникот.“

Член 4

Членот 19 се менува и гласи:

„Претплатните билети може да бидат месечни, полугодишни и годишни.

Претплатните билети може да бидат категоризирани како билети за ученици, студенти, вработени и пензионери. “

Член 5

Членот 20 се менува и гласи:

„Превозникот е должен одобрениот тарифник да го истакне на видно место во возилото.“

Член 6

Во член 22 се менува табелата и гласи:

.

Ред. Бр.	Број и име на линии за општински линиски превоз	Локации на почетни, попатни и крајни стојалишта во насока:	Локации на почетни, попатни и крајни стојалишта насока:
1	**1 Долни Дуќани - Автобуска станица – Превалец и обратно**	Долни Дуќани - Автобуска станица - Превалец преку улиците: „Димко Најдов“, „Ангел Мишев“, „Петре Прличко“, „Кресненско востание“, „Димитар Влахов“, „Илинденска“, „Гоце Делчев“, „Страшо Пинџур“, „8-ми Септември“, „Алексо Д. Бауман“, „АСНОМ“, „Борис Трајковски“, „11 -ти Октомври“, „Андон Шурков“ и „Благој Ѓорев“	Превалец - Автобуска станица - Долни Дуќани преку улиците: „Благој Ѓорев“, „8 -ми Септември“, „Илинденска“, „Димитар Влахов“, „Кресненско востание“, „Петре Прличко“ „Ангел Мишев“, „Димко Најдов“
		• Долни дуќани • Автобуска станица • Основен суд • Спортска сала „Гемиџии“ • Жито Вардар • Надвозник на битолска пруга • Споменик Алексо Д. Бауман • Касарна • Детска градинка клон 4 • Комлекс згради Т2 • Превалец	• Превалец • Комплекс згради Т2 • Детска градинка клон 4 • Трговски центар • Комплекс згради „Бисер“ • Театар • С`рмаале • Автобуска станица • Долни Дуќани

<table>
<tr><td rowspan="2">2</td><td rowspan="2">2. Автобуска станица - Железничка станица - Автобуска станица</td><td colspan="2">кружна линија преку улиците: „Петре Прличко“, „Кресненско востание“, „Димитар Влахов“, „Илинденска“, „Гоце Делчев“, „Страшо Пинџур“, „8-ми Септември “, „Алексо Д. Бауман“, „Васа Кошулчева“ „АСНОМ“, „Наум Наумовски-Борче“, „Благој Ѓорев“, „8-ми Септември“, „Илинденска“, „Димитар Влахов“, „Кресненско востание“, „Петре Прличко“</td></tr>
<tr><td colspan="2">• Автобуска станица
• Основен суд
Спортска сала „Гемиџии“
Железничка станица
Театар
С`рмаале
Автобуска станица</td></tr>
<tr><td rowspan="2">3</td><td rowspan="2">3. Автобуска станица - Којник - Автобуска станица</td><td colspan="2">кружна линија преку улиците: „Петре Прличко“, „Ангел Мишев“, „8-ми Септември“, „Гоце Делчев“, „Страшо Пинџур“, „8-ми Септември“, „Алексо Д. Бауман“, „Наум Наумовски-Борче“, „Благој Ѓорев“, „Васил Ѓоргов“, „Плоштад Којник“, „Васил Ѓоргов“, „8-ми Септември“, „Илинденска“, „Димитар Влахов“, „Кресненско востание“, „Петре Прличко“</td></tr>
<tr><td colspan="2">Автобуска станица
Основен суд
Спортска сала „Гемиџии“
Којник
Театар
С`рмаале
Автобуска станица</td></tr>
<tr><td rowspan="2">4</td><td rowspan="2">4. Велес - Раштани (нови гробишта) - Велес</td><td>Велес - Раштани (нови гробишта) преку улиците: „Димко Најдов“, „8-ми Септември“, „Гоце Делчев“, „Страшо Пинџур“, „8-ми Септември“, „Алексо Д. Бауман“, „АСНОМ“, “Борис Трајковски“, „11-ти Октомври“, „Андон Шурков“, „Благој Ѓорев“, „Луј Пастер“, „Раштански пат“</td><td>Раштани (нови гробишта) – Велес преку улиците: „Раштански пат“, „Луј Пастер“, „Благој Ѓорев“, „8-ми Септември“, „Димко Најдов“,</td></tr>
<tr><td>Долни дуќани
Основен суд
Спортска сала „Гемиџии“
Жито Вардар
Надвозник на битолска пруга
Споменик А. Д. Бауман
Касарна
Детска градинка клон 4
Нови гробишта</td><td>Нови гробишта
Детска градинка клон 4
Трговски центар
Комплекс згради „Бисер“
Театар
С`рмаале
Долни Дуќани</td></tr>
</table>

5	**5. с. Чолошево – Велес – с. Чолошево**	с. Чолошево - Велес	Велес - с. Чолошево
		- с.Чолошево - с. Дурутовец - Трпезица - Автобуска станица - Основен суд - Спортска сала „Гемиџии“ - Жито Вардар - Надвозник на битолска пруга	- Надвозник на битолска пруга - Комплекс зградиˮ „Бисер“ - Театар - С’рмаале - Автобуска станица - Трпезица - с.Дурутовец - с.Чолошево
6	**6. с. Црквино – Велес – с. Црквино**	с.Црквино – Велес	Велес - с. Црквино
		- с.Црквино - Венуле - Бабуна - Долни дуќани - Основен суд - Спортска сала „Гемиџии“ - „Жито Вардар“	- „Жито Вардар“ - Надвозник на битолска пруга - Комплекс зградиˮ „Бисер“ - Театар - С’рмаале - Долни дуќани - Бабуна - Венуле - с. Црквино
7	7. **с. Караслари – Велес – с. Караслари**	с. Караслари - Велес	Велес - с. Караслари
		- с. Караслари - Бабуна - Долни дуќани - Основен суд - Спортска сала „Гемиџии“ - „Жито Вардар“	- „Жито Вардар“ - Надвозник на битолска пруга - Комплекс зградиˮ „Бисер“ - Театар - С’рмаале - Долни дуќани - Бабуна - с. Караслари
8	**8. с. Иванковци – Велес – с. Иванковци**	с. Иванковци - Велес	Велес - с. Иванковци
		- с. Иванковци - с. Мамутчево - Автобуска станица - Основен суд - Спортска сала „Гемиџии“ - „Жито Вардар“	- „Жито Вардар“ - Надвозник на битолска пруга - Комплекс зградиˮ „Бисер“ - Театар - С’рмаале - Автобуска станица - с. Мамутчево - с. Иванковци
9	**9. с. Бузалково - Велес – с. Бузалково**	с. Бузалково - Велес	Велес - с. Бузалково
		- с. Бузалково - с. Раштани - Нови гробишта - Ф-ка Киро Ќучук - Трговски центар - Комплекс зградиˮ „Бисер“ - Театар - С’рмаале - Автобуска станица	- Автобуска станица - Основен суд - Спортска сала „Гемиџии“ - „Жито Вардар“ - Надвозник на битолска пруга - Споменик А.Д.Бауман - Ф-ка Киро Ќучук - Нови гробишта - с.Раштани

10	**10. Оризари – Велес - Оризари**	с.Оризари - Велес	Велес - с.Оризари
		- с. Оризари - Свилара - Превалец - Комплекс згради Т2 - Детска градинка клон 4 - Трговски центар - Комплекс згради „Бисер“ - Театар - С’рмаале - Автобуска станица	- Автобуска станица - Основен суд - Спортска сала „Гемиџии“ - „Жито Вардар“ - Надвозник на битолска пруга - Касарна - Детска градинка клон 4 - Комплекс згради Т2 - Превалец - Свилара - с. Оризари
11	**11. Кумарино - Велес - Кумарино**	с.Кумарино - Велес	Велес - с.Кумарино
		- с. Кумарино - с.Сујаклари - с.Отовица - Башино село - Академик Пенчо Давчев - Автобуска станица - Основен суд - Спортска сала „Гемиџии“ - „Жито Вардар“	- „Жито Вардар“ - Надвозник на битолска пруга - Комплекс згради „Бисер“ - Шорка - с. Башино Село - с. Сујаклари - с. Кумарино
12	**12. с. Башино село - Велес – с. Башино село**	с.Башино село - Велес	Велес - с.Башино село
		- с. Башино село - Шорка - „Жито Вардар“ - Надвозник на битолска пруга - Комплекс згради „Бисер“ - Театар - С’рмаале - Автобуска	- Автобуска - Основен суд - Спортска сала „Гемиџии“ - „Жито Вардар“ - Надвозник на битолска пруга - Комплекс згради „Бисер“ - Шорка -с. Башино Село
13	**13. с. Клуковец – с. Бузалково – с. Клуковец**	с. Клуковец – с. Бузалково	с. Бузалково – с. Клуковец
		преку Сливник	преку Сливник
14	**Сливник – Велес - Сливник**	Сливник – Велес	Велес - Сливник
		- с. Клуковец - с.Оризари - Свилара - Превалец - Комплекс згради Т2 - Детска градинка клон 4 - Трговски центар - Комплекс згради „Бисер“ - Театар - С’рмаале - Основен суд	- Основен суд - Спортска сала „Гемиџии“ - „Жито Вардар“ - Надвозник на битолска пруга - Споменик Алексо Д. Бауман - Касарна - Детска градинка клон 4 - Комплекс згради Т2 - Превалец - Свилара - с. Оризари - с.Клуковец

Член 7

Во членот 32 по став 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„ Во објавата се наведуваат критериумите за избор на превозник со утврдена бодовна листа за определени критериуми.“

Ставовите 3 и 4 стануваат ставови 4 и 5.

Член 8

Во членот 40 во ставот 1 по алинеја 3 се додава нова алинеја 4 која гласи:

„- не постапува согласно одредбите од Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес;“.

Алинејата 4 станува алинеја 5.

Член 9

После член 46 од Одлуката се додава нов член 46-а кој гласи

„Член 46-а

Превозниците кои имаат добиено дозвола за вршење на општински линиски превоз на патници на одредена линија и за истата имаат регистриран и заверен возен ред, должни се најдоцна до 20.12.2018 година да ги усогласат возните редови согласно оваа Одлука и да достават предлог тарифници за секоја линија поединечно.

Доколку превозниците од ставот 1 на овој член не ги усогласат возните редови и не достават предлог тарифници до општината, не ќе можат да продолжат да вршат општински линиски превоз на патници, односно ќе им бидат одземени дозволите за доделената линија.

Член 10

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-6053/3
27.11.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

Бр.330

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 18/10, 15/14 и 15/18)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Велес

Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 26.11.2018 година.

Број 08-6077/2
28.11.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 12 став 2 од Законот за комуналните дејности („Службен весник на РМ" бр. 95/12) член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/13 и 15/18)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 26.11.2018 година, донесе

О Д Л У К А
за изменување и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Велес

Член 1

Во Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 02/13), се врши изменување и дополнување и тоа: во глава XIV. каде зборовите: “Подигнување, одржување и користење на јавно зеленило” се бришат и се заменуваат со зборовите: “Подигање, одржување, заштита и реконструкција на јавното зеленило”.

Член 2

Текстот во член 59 се брише и се заменува со нов текст кој гласи:

"Под подигање, одржување заштита и реконструкција на зеленилото на јавно зеленило се подразбира уредување, обновување, заштита, реконструкција, како и начинот на користење на јавното зеленило на подрачјето на Општина Велес.

Член 3

Во членот 61, текстот во целост се брише и се заменува со следниот текст:

"Подигање, одржување заштита и реконструкција на јавното зеленило врши јавното комунално претпријатие или правно лице регистрирано за вршење на овие дејности согласно со закон (во понатамошниот текст: давател на услугата).

За одржување на градското зеленило, општината предлага до Советот на општината Годишна оперативна програма за одржување на зеленилото, во кои се утврдуваат видот и површината на зеленилото што ќе биде одржувано, начинот на одржување, изворот на обезбедување и финансиските средства во тековната година и ја следи нејзината реализација.

За подигање на градското зеленило, општината предлага до Советот на општината Годишна оперативна програма за подигање на нови зелени површини, во кои се утврдуваат видот и површината на зеленилото што ќе биде подигнато, динамиката на подигање и начинот на одржување, процентот на озеленетост, изворот на обезбедување и финансиските средства во тековната година и ја следи нејзината реализација".

Член 4

Во член 136, текстот се брише и се заменува со следниот:„ Контрола при спроведувањето на одредбите од оваа Одлука вршат комуналните редари на општината, додека инспекциски надзор над спроведување на оваа Одлука го врши овластениот комунален инспектор".

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Велес.

Број 25-6053/4
27.11.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р

Бр.331

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09 18/10, 15/14 и 15/18)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Заклучок за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Велес за 2018 година

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Велес за 2018 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 26.11.2018 година.

Број 08-6077/3
28.11.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес"12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18 и 15/18),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.11.2018 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Велес за 2018 година

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Велес за 2018 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавен во Службен гласник на Општина Велес.

Број 25-6053/5
27.11.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р

Врз основа на член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.Гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.11.2018 година донесе

П Р О Г Р А М А
за изменување и дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес за 2018 година

1. Во Програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес за 2018 година („Службен гласник на Општина Велес" бр. 19/17) се врши следнава измена:

Во глава II –„Планирање",точка 4 "Планирани за изработка се следните планови:"

Во табелата после реден бр. 35 текстот во табелата се додаваат нови редови со следниот текст:

36	Детален урбанистички план за дел од УБ 28, УЕ 4, Општина Велес	
37	Детален урбанистички план за КП 16880, КО Велес, УБ 6, УЕ 1, Општина Велес	
38	Детален урбанистички план за дел од УБ 25, УЕ 3, Општина Велес	
39	Детален урбанистички план за дел од УБ 38, КО Велес, Општина Велес	
40	Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од УБ 10, УЕ 1, Општина Велес	
41	Урбанистички план вон населено место за КП 1193/1 и КП бр. 1193/2, КО Башино село, Општина Велес	
42	Локална урбанистичка планска документација за КП 1090/1, КО Отовица, Општина Велес	
43	Локална урбанистичка планска документација за дел од КП 1826, КП 1827 и КП 1829, КО Оризари-вон град., Општина Велес	
44	Локална урбанистичка планска документација со намена Г2- лесна и незагадувачка индустрија, на дел од КП 1877, КО Оризари-вон град., Општина Велес	

2. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-6053/5
27.11.2018 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р

Бр.332

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 18/10, 15/14 и 15/18)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Велес за 2019 година

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Велес за 2019 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 26.11.2018 година.

Број 08-6077/4
28.11.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18 и 15/18),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.11.2018 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Велес за 2019 година

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Велес за 2019 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува од 01.01.2019 година.

Број 25-6053/6
27.11.2018 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р

Врз основа на член 28, став 3 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ“ бр. 149/14, 149/15 и 53/16), член 36, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18),

Советот на Општина Велес на седница одржана на ден 26.11.2018 година, донесе,

ПРОГРАМА
за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Велес во 2019 година

I. ВОВЕД

Со оваа програма се утврдуваат активностите за третирање на бездомни кучиња - скитници, условите, организацијата и обемот на извршувањето, како и начинот на финансирањето.

За решавање на проблемот поврзан со зголеменото присуство на бездомни кучиња, односно за контрола на нивниот број, од страна на Светската здравствена организација за заштита на животните и позитивните законски прописи во Република Македонија, единствено е можен хуманиот начин на третирање на овие животни.

Хуманиот третман подразбира згрижување и заштита на животните, но и заштита на безбедноста и здравјето на граѓаните во општината.

II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општата цел на Програмата е определување на општи мерки и активности што треба да се превземат на територијата на општината за ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомни кучиња, како и третман согласно прописите од областа на ветеринарното здравство и благосостојбата на животните.

III. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на програмата е определување на мерки и активности што треба да се превземат во 2019 година за ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомни кучиња.

Активностите за хумано третирање на бездомни кучиња-скитници на територијата на Општина Велес ќе опфатат:

-заловување на животни,

-нивни транспорт до прифатилиште,

-прием и преглед од доктор по ветеринарна медицина,

-лабараториско испитување на заразни болести согласно прописите од областа на ветеринарното законодавство, вклучувајќи испитување од болеста лајшманиоза,

I

-ветеринарно медицински третман на кучињата, овариохистеректомија и орхиектомија,

-постоперативно сместување и нега,

-вакцинација и дехелментација,

-обележување со микрочип,

-враќање на заловените кучиња на реонот на нивно заловување или вдомување на кучињата,

-еутаназија на кучињата согласно прописите од областа на ветеринарното законодавство,

- едукација подигнување на јавната свест кај населението.

IV. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

IV.1 Заловување, транспорт, идендификација и евиденција

Обучени лица кои поседуваат легитимација спроведуваат заловување на кучињата, а се обезбедени со соодветна униформа и средства за лична заштита.

Заловувањето се врши со следната опрема: возило, јамки-мрежи за заловување, пушка (сафари) за хемиско заловување на кучињата, корпи-кафези за транспорт, окулувратници и водилки. Транспортот се врши од местото на заловувње до прифатилиштето.

На лице место се врши теренската идентификација на посебни обрасци за евиденција и идентификација – секое заловено куче веднаш се евидентира, се заведуваат податоци за животното како раса, пол, старост, особени знаци, место на заловување и др.

IV.2 Престој во прифатилиште, ветеринарно-медицински третман и понатамошно постапување со третираните кучиња

Заловените кучиња се транспортираат до прифатилиштето, кое е регистрирано и има одобрување од Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија.

Кучињата се сместуваат во просториите за прием во кои се врши набљудување на кучињата од страна на докторот по ветеринарна медицина кој врши преглед на заловените кучиња и ги спроведува сите мерки согласно закон и тој одредува кој од нив ги исполнуваат критериумите за еутаназија.

Еутаназијата се врши:

-во согласност со важечките законски прописи и наредби;

-кога животното е заболено од заразна или паразитска болест која може да се пренесе на други животни или -луѓето, животното е заболено од други болести кај кои лечењето е долго и со несигурна прогноза, тешко повредени животни, животни кои видливо страдаат или стари изнемоштени животни;

-кога кучињата преставуваат опасност кон луѓето или другите животни и

-кога кучињата поминале минимум временски период потребен за исцрпување на можност за вдомување.

Медицински третман на здрави кучиња се врши на следниот начин:

Сите клинички здрави животни се транспортираат до Ветеринарно друштво кое е одобрено од Агенцијата за храна и ветеринарство и кое има договор за ветеринарно медицински третман на животните со прифатилиштето. Сите животни кои по мислење на ветеринарен доктор ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат-стерилизираат. По завршената операција и пост оперативно опоравување животните се враќаат назад во прифатилиштето каде се врши нивно редовно хранење и постојан надзор од страна на обучени лица.

Прифатилиштето се одржува согласно санитарно-хигиенските прописи: боксовите во прифатилиштето редовно се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор. Изведувачот на Програмата е долежн да склучи договор со овластен оператор за нештетно отстранување на лешеви и нус производи од животинско потекло, во специјално изградена гробна – јама на соодветна комунална депонија а исто така ќе ги собира и транспортира фекалиите/отпадот од прифатилиштето. Непосредно при напуштање на прифатилиштето кучињата се вакцинираат против болеста беснило и кучињата се третираат со средство против едно и ектопаразити.

Третираните кучиња и обележани со микрочип се враќаат на реонот на заловување или се вдомуваат, а вдомените се регистрираат во ветеринарно информативниот систем. Приоритет се дава на вдомување на животните.

IV.3 Едукација и подигнување на јавната свест кај населението

Подигнувањето на јавната свест е клучна за справување и хуман третман на кучињата скитници. Изведувачот на Програмата е должен да обезбеди комуникација со граѓани преку разни форми на комуникација, да спроведува едукативни и промотивни активности за подигнување на јавната свест за постапување со бездомни кучиња, да организира акции и настани за вдомување на кучиња.

V.ОБЕМ НА АКТИВНОСТИ

Се предвидува интензитетот на заловување и капацитетот на сместување во прифатилиште да ги исполнува условите за сместување на 30 бездомни кучиња/месечно.

VI. БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите утврдени во табелата подолу ќе се финансираат од Буџетот на Општина Велес, со средства од Програмата на активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита за 2019 година.

Општина Велес ќе изврши трансфер на средства на изведувачот на Програмата.

Ред.бр.	Активност	Финансирање	Сума/ден.
Заловување, транспорт, идентификација и евиденција			
1.	Заловување на бездомни кучиња	Општина Велес	**70.000**
2.	Идентификација и евиденција	Општина Велес	**50.000**
3.	Транспорт до прифатилиште	Општина Велес	**20.000**
4.	Карантински престој (набљудување и преглед од ветеринар)	Општина Велес	**25.000**
5.	Престој во прифатилиште	Општина Велес	**85.000**
Медицински третман на кучињата			
6.	Лабараториско испитување и вакцинација	Општина Велес	**200.000**
7.	Овариохистеректомија и орхиектомија (стерилизација и кастрација)	Општина Велес	**460.000**
8.	Постоперативно сместување и нега	Општина Велес	**25.000**
9.	Еутаназија	Општина Велес	**40.000**
10	Отстранување на лешеви и нус производи	Општина Велес	**20.000**
11.	Транспорт	Општина Велес	**15.000**
Тековно одржување на прифатилиштето			
12.	Обезбедување на храна, лекови и средства за дезинфекција	Општина Велес	**430.000**
13.	Комунални трошоци	Општина Велес	**50.000**
14.	Ангажиран персонал	Општина Велес	**360.000**
15.	Непредвидени трошоци	Општина Велес	**50.000**
Подигнување на јавната свест			
16.	Организирање на јавни настани и манифестации за одгледување и вдомување на кучиња	Општина Велес	**50.000**
17.	Непредвидени трошоци	Општина Велес	**50.000**
Вкупно			**2.000.000**

VII. ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМАТА

Годишната програма ќе ја реализира субјект кое општината ќе го избере на јавен повик и кое ги исполнува условите за изведување на активности согласно закон.

Доколку на јавниот повик не се јави изведувач на програмата, општина Велес се задолжува во рок од 15 дена, договорно да ангажира двајца лиценцирани заловувачи, како и фирма која ќе изврши транспорт на заловените кучиња до институција во која треба да се изврши третирање на заловените кучиња-скитници.

VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Надзор над извршувањето на Програмата врши Одделението за јавни дејности во Општина Велес. За спроведените активности на терен, изведувачот е должен да изготвува квартални извештаи кој ќе бидат доставени до Градоначалникот и ќе бидат усвоени од Советот на Општина Велес.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува од 01.01.2019 година.

Број 25-6053/6
27.11.2018 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р

Бр.333

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 18/10, 15/14 и 15/18)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување Програма за одржување на јавна чистота на територијата на Општина Велес за 2019 година

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за одржување на јавна чистота на територијата на Општина Велес за 2019 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 26.11.2018 година.

Број 08-6077/5
28.11.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18 и 15/18),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.11.2018 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за одржување на јавна чистота на територијата на Општина Велес за 2019 година

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за одржување на јавна чистота на територијата на Општина Велес за 2019 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува од 01.01.2019 година.

Број 25-6053/7
27.11.2018 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота (“Службен весник на РМ” бр. 111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 47/12, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15, 31/16), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ” бр. 5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес (“Сл.гласник на Општина Велес” бр.12/06, 03/09,18/10,15/14 и 15/18), а согласно член 5 од Одлуката за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес” бр. 16/08, 3/11),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.11.2018 година ја донесе следната

П Р О Г Р А М А
ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА 2019 ГОДИНА

I.СТРАТЕШКА ЦЕЛ

Програмата на Општина Велес за одржување на јавната чистота е насочена кон одржување на јавната чистота на јавните површини и на отворените простори на јавните објекти, заради обезбедување на поквалитетни услови за живот на граѓаните и почиста животна средина во општината.

I.ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општа цел на Програмата е да се обезбеди редовно чистење (метење и миење) на јавните површини и отворените простори на јавните објекти, како и одржувањето на снегот и мразот во зимски услови.

Со оваа програма:

- Се утврдува територијата, распоредот и фреквенцијата за одржување (метење и миење) на јавните површини и отворените простори на јавните објекти;
- Се утврдуваат основните начини на вршење на работите за одржување на јавната чистота;
- Се утврдува надзор во спроведувањето;
- Се утврдува начинот на финансирање.

III. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес ќе ги опфати: јавните површини (улици, тротоари, пристапни патишта, плоштади и уредени отворени простори, крајбрежја, подвозници, надвозници, мостови, паркинг простори, скалила кои ги поврзуваат површините за јавен сообраќај, видиковци, автобуски стојалишта и такси станици, гробишта, јавни санитарни јазли, пазари).

Одржувањето на јавната чистота во парковските површини и градското зеленило не е дел од оваа Програма, туку дел од Програмата за одржување и уредување на градското зеленило.

Во спроведувањето на Програмата се изведуваат следните активности:

- рачно метење на јавните површини,
- миење на јавните површини со цистерна,
- собирање и транспортирање на отпадот од одржување на јавната чистота и негово транспортирање на општинската комунална депонија,
- рачно чистење на снегот и мразот во зимски услови,
- вонредно одржување.

Согласно Програмата ќе се врши метење на: улици, паркинг простори, плоштади, мостови, видиковци, надвозници и подвозници, пристапни патишта кон градот, јавни скалила кои поврзуваат две улици, крајбрежја, јавни санитарни јазли, пазари и гробишта, автобуски стојалишта и такси станици; миење на улици и паркинг простори; рачно чистење на снег и мраз во зимски услови; со вкупна ефективна површина на одржување од **17.016.360м^2.**

IV. ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за одржување на јавната чистота ќе ја изведува ЈКП "Дервен", преку РЕ Комунална хигиена.

V. АКТИВНОСТИ

При утврдување на јавните површини кои ќе се одржуваат со оваа Програма земени се во предвид: густината на населеност, фреквенцијата на граѓани и сообраќај, социјалните, културните и воспитно-образовните објекти.

VI. ДИНАМИКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

VI.1. МЕТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ

1.МЕТЕЊЕ НА УЛИЦИ

А. Метење на улиците секој ден

Од 04.00 – 11.00 часот во зимски и во летен период.

Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на наведените улици дополнително од 18.00-21.00 часот во летен период на наведените улици.

УЛИЦА	ОПИС	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА (м^2)
8-ми Септември	од Пошта до Стар мост	2000
Страшо Пинџур	/	200
Гоце Делчев	/	400
Благој Ѓорев	од Пошта до пред касарната	2200

Б. Метење на улиците секој ден освен во недела
Од 07.00 – 14.00 часот во зимски период
Од 05.00 – 12.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на наведените улици.
Метењето на ул. Петре Прличко и Димитар Влахов во пазарни денови (вторник, петок и недела) започнува од 12.00 – 19.00 часот.

УЛИЦА	ОПИС	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
Алексо Демниевски	од Пошта до Жито Вардар	800
Илинденска	до мост Гемиции	300
Петре Прличко	од Стар мост до хотел Вила Зора и спој пред Биро за вработување со ул. Димитар Влахов	1140
Димитар Влахов	од Градски пазар до Железен мост	2900
Панко Брашнар	/	360
Комплекс УЗУС	Заедно со дел од ул. Индустриска, од ул. АСНОМ до раскрсница со БРАКО	700

В. Метење на улиците три пати седмично
Од 07.00 – 14.00 часот во зимски период
Од 05.00 – 12.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на наведените улици.
Метењето на ул. Нада Бутникошарова и на ул. 11 Октомври во пазарни денови (вторник, петок и недела) започнува од 12.00 – 19.00 часот.

УЛИЦА	ОПИС	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
Борис Трајковски	од спој со ул. Алексо Демниевски до спој со ул. АСНОМ	1400
Христо Татарчев	/	800
Никола Карев	/	700
Наум Наумовски Борче	од спој со ул. Алексо Демниевски до спој со ул. Благој Ѓорев	400
Нада Бутникошарова	дел	300
11 Октомври	Од пазарче во Нова населба до пред споменик Бауман	2000

Г. Метење на улиците два пати седмично
Од 07.00 – 14.00 часот во зимски период
Од 05.00 – 12.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на наведените улици.

УЛИЦА	ОПИС	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
Лазо Осмаков и дел од Љубљанска	Љубљанска од влезот на училиштето Блаже Конески до раскрсница со ул. Благој Ѓорев	1800
Браќа Капчеви	/	400

Д. Метење на улиците еднаш седмично
Од 07.00 – 14.00 часот во зимски период
Од 05.00 – 12.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на наведените улици.

УЛИЦА	ОПИС	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
Архиепископ Михаил	/	1000
Самоборска	/	450
Кумановска	/	600
Коле Неделковски	/	200
Благој Ѓорев	од ул. Борис Трајковски до раскрсница со филтерница	2200
8-ми Март	Од Интернат до спој со ул. Андон Шурков	1864

Ѓ. Метење на улици еднаш месечно
Од 07.00 – 14.00 часот во зимски период
Од 05.00 – 12.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на наведените улици.

УЛИЦА	$м^2$
Вардарска	1700
Цар Самоил	240
Тодор Христов Офицерчето	600
Крсте Мисирков	400
Георги Војтех	250
Оливер Китановски	400
Костурска	870
8ма Велешка бригада	300
Тодор Јанев	400
ЈХК Џинот	300
Прохор Пчински	500
Орце Мартинов	600
Васил Главинов	900
Индустриска	1200
Ѓоре Органџиев (од Стар Мост до спој со ул. Никола Оровчанец)	1000

Методија Андонов Ченто	1700
9ти Ноември	500
Кочо Рацин	200
Белградска	1500
Луј Пастер	1000
Јован Алабаков	150
Кирил и Методиј (од ООУ Кирил и Методиј до црква Св. Пантелејмон)	500
Вера Циривири (од спој со ул. Димитар Влахов со спој со ул. Киро Рогужаров)	3200
Киро Димов (Витамин)	600
Славко Ѓорѓиев Сватот	1100
Благој Ѓорев (зад БОС)	1300
Васа Кошулчева (спој од ул. АСНОМ до ул. Алексо Демниевски)	1500
Павел Шатев	1500
Алексо Демниевски (од влез на Новиот театар со спој со ул. Алексо Демниевски)	1246
Бане Андреев Ронката	600

Е. Метење на улици два пати месечно
Од 07.00 – 14.00 часот во зимски период
Од 05.00 – 12.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на наведените улици.

УЛИЦА	ОПИС	$м^2$
Никола Оровчанец	/	1000
Димко Најдов	од Стар мост до видиковец (вклучува и чистење на канал од десната страна на улицата)	1000
Алексо Демниевски	од Жито Вардар до Железничка станица	1100
Васил Ѓоргов	од раскрсница кон болница до Којник	900
АСНОМ	(до надвозник на ул. Индустриска)	1600
Спој на ул. Алексо Демниевски и ул. Благој Ѓорев	кај Библиотека Бели Мугри	215

Ж. Метење на улици четири пати годишно
Од 07.00 – 14.00 часот во зимски период
Од 05.00 – 12.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на наведените улици.

УЛИЦА	ОПИС	м^2
АСНОМ	од надвозник до МХК Злетово	6000
Димче Мирчев	Од Ликовен салон до крај на гаражи	742

2. МЕТЕЊЕ НА ПАРКИНГ ПРОСТОРИ
Метење на паркинг просторите се врши два пати седмично, освен паркинг на влез во р. Бабуна каде метењето ќе се изврши 4 пати во годината.

ОПИС	м^2
Паркинг до Основен суд	1500
Паркинг до Градски пазар (Пармак)	1300
Паркинг до Саат кула	300
Паркинг спроти касарна Алексо Демниевски Бауман	250
Паркинг на ул. Оливер Китановски	250
Паркинг спроти библиотека Бели мугри	750
Паркинг на ул. Петре Прличко до Стар мост	250
Паркинг на Градски пазар (горен дел)	450
Паркинг на ул. Никола Карев	1250
Паркинг заден двор на Гимназија Кочо Рацин	1250
Паркинг пред мост на влез на р. Бабуна	20

3.МЕТЕЊЕ НА ПЛОШТАДИ И УРЕДЕНИ ОТВОРЕНИ ПРОСТОРИ

ОПИС	ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА (м^2)
Плоштад Сармаале	секој ден	опфатен со метење на ул. 8-ми септември
Уреден простор пред Гимназија и пред Народен театар ЈХК Џинот	секој ден	опфатен со метење на ул. Благој Ѓорев
Плоштад Панко Брашнар	еднаш седмично	опфатен со метење на ул. Благој Ѓорев
Уреден простор Народна кујна	6 пати седмично	300
Плоштад Којник	три пати седмично	450
Простор кај Варналиите	два пати месечно	150
Простор кај Соколаана	еднаш месечно	220
Кеј	два пати седмично	600

Отворени простори околу згради и лулашки на ул. Лазо Осмаков	два пати месечно	3190
Игралиште Дервенски поток	шест пати годишно	420
Петре Прличко (пристапи кон згради и театар)	еднаш седмично	2000
Зад згради во Чешелот	еднаш месечно	1200
Уреден простор пред поликлиника УРЕД	два пати седмично	136
Отворен простор на ул. М.А.Ченто (над гаражи, влез во гаражи и пред зелена зграда)	четири пати годишно	1284
Отворен простор на ул. 11ти Октомври (над гаражи и влез во гаражи)	четири пати годишно	1194

3.МЕТЕЊЕ НА ВИДИКОВЦИ
Метењето на видиковците ќе се врши еднаш месечно.

ОПИС	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
Видиковец на ул. Димко Најдов	12
Видиковец на ул. Никола Карев	12
Видиковец на ул. Рилски конгрес	12
Видиковец на ул. Браќа Капчеви	100
Видиковец на ул. Коле Цветков	36

5.МЕТЕЊЕ НА МОСТОВИ, ПОДВОЗНИЦИ И НАДВОЗНИЦИ

ОПИС	ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
Стар мост	секој ден	120
Мост Гемиџии	три пати седмично	200
Мало мовче со галарија	два пати седмично	200
Железен мост	еднаш седмично	300
Подвозник ЈП Парк спорт	По потреба и по степен на загаденост	75
Надвозник Битолска пруга	еднаш седмично	320

6. ЧИСТЕЊЕ НА ПРИСТАПНИ ПАТИШТА И ПАТЕКИ

Чистењето ќе се извршува 2 пати во годината, освен на локацијата Пристапен пат кон Спомен Костурница кој ќе се чисти 6 пати во годината и тоа пред празнувањето на: Илинден, 8-ми Септември, 11-ти Октомври, 23-ти Октомври, 9-ти Ноември и Рацинови средби.

Чистењето на летниковци на Езеро Младост ќе се извршува 3 пати неделно во период од 1-ви Мај до 1-ви Октомври, а во зимскиот период по потреба и степен на загаденост.

Чистењето на Пешачки патеки на Езеро Младост ќе се извршува еднаш месечно во период од 1-ви Мај до 1-ви Октомври, а во зимскиот период по потреба и степен на загаденост.

ОПИС	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
Влез во Велес од Штипско џаде до Железен мост	1000
Пристапен пат од раскрсница кон Спомен костурница, плато пред Костурница и скалила	10112
Влез во Велес од Ветекс	2000
Влез во Велес од манастир Свети Димитрија и генерално чистење за празник Балаклија	1000
Пристап од индустриска зона Речани до бензиска пумпа на Макпетрол	3000
Влез во Велес од автобуска постојка во Превалец до патот за филтерница	2000
Пат кон гробишта Раштани од фабрика Киро Ќучук до влез во гробишта	3500
Езеро Младост – летниковци	3000
Езеро Младост – пешачки патеки	10100

7.ЧИСТЕЊЕ НА СКАЛИЛА КОИ ПОВРЗУВААТ ДВЕ УЛИЦИ

ОПИС	ФРЕКВЕНЦИЈА	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
Скалила кои ги поврзуваат ул. Илинденска и Петре Прличко	еднаш седмично	40
Скалила кои ги поврзуваат ул. Благој Ѓорев и Поликлиника УРЕД	еднаш седмично	120
Скалила кои ги поврзуваат ул. 8-ми Септември и ул. Архиепископ Михаил	еднаш месечно	45
Скалила кои ги поврзуваат ул. Васил Главинов и Благој Ѓорев	2 пати месечно	20
Скалила кои ги поврзуваат ул. Борис Карпузов и Шефки Сали	2 пати месечно	120
Скалила кон Којник	еднаш месечно	15

8.ЧИСТЕЊЕ НА КРАЈБРЕЖЈА

ОПИС	ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД
Лев и десен брег на река Вардар од Железен мост до Стар мост	- јануари (Водици) - април - август - октомври
Пристап кон Бабуна до Трети вир	- пред започнување на сезоната за капење (јуни) - по завршување на сезона за капење (септември)
Дервенски поток (не го вклучува игралиштето)	- јуни - август - ноември - април

9. ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНИ САНИТАРНИ ЈАЗЛИ

Од 08.00 – 20.00 часот од понеделник до сабота
Од 08.00 – 16.00 часот во недела
Одржувањето да се извршува согласно санитарно-хигиенските прописи.
Финансирањето е дел од оваа Програма, со доставување на месечни фактури.

ОПИС	/
Санитарни јазли на ул. Илинденска	/
Санитарни јазли на ул. Петре Прличко	/

11. МЕТЕЊЕ НА ПАЗАРИ

Метењето на пазарите започнува од 14.00 часот во пазарни денови:
вторник, петок и недела.
Финансирањето не е дел од оваа програма.

ОПИС	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
Градски пазар	3954
Пазар во Нова населба	1100

12. ОДРЖУВАЊЕ НА ГРОБИШТА

Одржувањето на гробиштата ќе се врши согласно Одлуката за управување и одржување на градските гробишта.
Генерално чистење на гробиштата ќе се спроведе една седмица пред верските празници Велики поклади (Прочка), Велигден, Задушница, Божиќ, Голема Богородица, Мала Богородица.
Финансирањето не е дел од оваа програма.

13. МЕТЕЊЕ НА АВТОБУСКИ СТОЈАЛИШТА И ТАКСИ СТАНИЦИ

Метењето на стојалиштата и станиците е во рамките на одржувањето на улиците. Затоа овде е изоставена ефективната површина за метење.
Финансирањето е опфатено во ставката метење на улици.

АВТОБУСКИ СТОЈАЛИШТА	ТАКСИ СТАНИЦИ
Долни дуќани	Вила Зора
Основен суд	Градски пазар 1
Сармаале	Градски пазар 2
Ловното	Автобуска станица
Жито Вардар	Малина
ЈПССДП (СИЗ за домување)	Долни дуќани
Споменик Бауман	Комплекс банки
Касарна	Стоковна куќа
Детска градинка клон 4	Ликовен салон
Комплекс згради Т2 (од двете страни на улицата)	Народен музеј
Магро	Македонски телекомуникации
Тедико	АРМ
Дом на АРМ	Театар
	Ќоше
	Гимназија Кочо Рацин
	АГРИА
	Трговски центар
	Болница
	Железничка станица
	Општина

14. ОДРЖУВАЊЕ НА СПОМЕНИЦИ И СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА

Одржување на спомениците се врши согласно Програмата за обележување на годишнини на значајни настани и личности за 2019г. на спомен обележја кои се наоѓаат на јавна површина и во дворното место на урбаните и месните заедници.
Чистење на јавната површина околу спомен обележјето ќе се спроведе најдоцна еден ден пред датумот на обележувањето на настанот или личноста. Финансирањето ќе се изврши како редовно одржување, по $м^2$ исчистена површина, односно улиците и површините кои се предмет на редовно одржување нема да бидат посебно фактурирани заради одржаните настани.
Одржувањето на спомениците лоцирани во семејни објекти не се дел од оваа Програма.

СПОМЕНИК/ОБЕЛЕЖЈЕ/НАСТАН	ДАТУМ НА ОБЕЛЕЖУВАЊЕ	ЛОКАЦИЈА
Киро Ќучук, Нонча Камишова, Стојан Бурчевски, Киро Неделков и Јордан Јорданов	6 јануари	ул. Скопски пат (пред хотел Гарденија)
Благој Страчковски и Славе Петков	14 јануари	УЗ Славе Петков
Штрајк на ученици во велешката гимназија	14 март	УСО Гимназија Кочо Рацин

Гемиџии (Вардарска регата)	24-27 април	Кеј на Вардар
Браќа Петковић	април	с. Башино село плоштадка
Петар Михов	април	црква Свети Спас (чистењето околу гробното место е обврска на Оддел гробишта)
Кочо Рацин	13 јуни	Спомениците на Рацин и пристап до спомен куќата на Рацин
Оливер Китановски	29 јуни	с. Башино село плоштадка
Андреја Дамјанов	12 јули	црква Свети Пантелејмон (чистењето околу гробното место е обврска на Оддел гробишта)
Панко Брашнар	13 Јули	споменик во Нова населба
Борци од Егејска Македонија	26 Јули	спомен плоча на ул. Благој Ѓорев
Илинденци	2 август	Коњаник центар, Панко Брашнар споменик
Заштитник на градот Свети Пантелејмон	9 август	црква Свети Пантелејмон (чистењето околу гробното место е обврска на Оддел гробишта)
Јордан Хаџи Константинов Џинот	29 август	црква Свети Спас (чистењето околу гробното место е обврска на Оддел гробишта)
Алексо Демниевски Бауман	6 септември	споменик на Алексо Демниевски во Нова населба
Раштански колиби	10 септември	локален пат кон с.Раштани пред градските гробишта
Пуста кула	14 септември	автопат Велес-Скопје м.в. Пуста кула
Тодор Христов Офицерчето, Андреја Димов Докурчев и Јован Наумов-Алабакот	4 октомври	Коњаник центар

Андреа Димов-Докурчев	23 октомври	Коњаник центар
Трајче Панов	16 декември	УЗ Трајче Панов
Миле Поп-Јорданов	21 декември	црква Свети Пантелејмон (чистењето околу гробното место е обврска на Оддел гробишта)

Обележување на настани за локации прикажани во следната табела:

СПОМЕНИК/ОБЕЛЕЖЈЕ/НАСТАН	**ДАТУМ НА ОБЕЛЕЖУВАЊЕ**	**ЛОКАЦИЈА**
Меѓународен ден за правата на жената	8 Март	/
Светски ден на планетата Земја	22 Април	/
Меѓународен ден на трудот	1 Мај	/
Ден на Европа	9 Мај	/
Светскиот ден на мајчинството	втората недела од мај	/
Светски ден на екологијата	5 Јуни	/
Светски ден на борба против сидата	1 Декември	/
Светски ден на лица со попреченост	3 Декември	Дом на НВО

За утврдената локација на која ќе бидат обележани горенаведените настани и потребата од нејзино чистење дополнително ќе биде доставено посебно известување од страна на Општина Велес. Финансирањето ќе се изврши како редовно одржување, по $м^2$ исчистена јавна површина, односно улиците и површините кои се предмет на редовно одржување нема да бидат посебно фактурирани заради одржаните настани.

15. ОДРЖУВАЊЕ НА ПОВРШИНИ ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА

Одржувањето на површини при одржување на културни манифестации ќе се врши согласно Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2019г.

Метење/миење на просторот каде се одбележува манифестацијата и неговата околина ќе се спроведе најдоцна три часа пред одржувањето на манифестацијата.

ЈКП Дервен е должен да ги преземе сите неопходни мерки за одржување на нивото на јавната чистота на наведените локации пред, за време на одржување и веднаш по завршување на манифестацијата, да обезбеди пристоен изглед на градот за време на одржување на манифестациите, да внимава изнесувањето на сметот да не се поклопи со термините на свеченоста, да се воспостави координација со раководителот на “Паркови и зеленило” заради одржувањето на хигиената на зелените

Финансирањето ќе се изврши како редовно одржување, по м^2 исчистена јавна површина.

Ако одржувањето на јавната површина за време на одржувањето на манифестацијата отстапува неколку денови од временскиот распоред за редовно одржување, времето за одржување ќе се помести непосредно пред одржување на манифестацијата.

Доколку се потребни повторувања на операциите на метење/миење на јавните површини, тоа ќе се изврши при крајно неопходна потреба и ќе се евидентира во дневниот извештај, со посебна назнака за дополнителен број на повторувања на активностите.

Доколку обележувањето на настанот е во затворените простори-дворни површини на јавните објекти, обрската за одржување на просторот е на правното лице кое управува со објектот.

МАНИФЕСТАЦИЈА
ДАТУМ НА ОДРЖУВАЊЕ
ЛОКАЦИЈА И АКТИВНОСТИ ЗА ОДРЖУВАЊЕСредби на Бошњаците6 мај-

МАНИФЕСТАЦИЈА	ДАТУМ НА ОДРЖУВАЊЕ	ЛОКАЦИЈА И АКТИВНОСТИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ
Средби на Бошњаците	6 мај	-Перење на игралиштето и на улиците во Горно Оризари
Свети Кирил и Методиј - Ден на македонските просветители	24 мај	-Ул. Алексо Демниевски и ул. Благој Ѓорев -Пристапна уличка кон сала Бели муѓри -Ул. Архиепископ Михаил и дел од ул. Кирил и Методиј
56-ти Рацинови средби	11-12 јуни	- Улици: Љубен Весов, Кочо Рацин, Архиепископ Михаил, Кирил и Методиј, пристапни улици кон куќите на Џинот, Касапови и Васил Главинов - Спомен костурница –ул. Димитар Влахов, пристапен пат, плато и скалила кон костурницата, - Плоштадки пред споменици на Рацин, споменици на Рацин - Улици кои гравитираат кон Младинскиот парк - Улици во централното градско подрачје
Moto beach party	18 јуни	-Езеро Младост до паркинг на хотел Романтик, ул.Вардарска, ул. АСНОМ, ул. Борис Трајковски, ул. Благој Ѓорев, ул. 8ми Септември, ул. Гоце Делчев, ул.Страшо Пинџур, ул.Алексо Демниевски
XV Интернационален фолклорен фестивал	јуни-јули	- Улици: Никола Карев, Христо Татарчев, Борис Трајковски, Благој Ѓорев, 8ми Септември, Гоце Делчев, Страшо Пинџур, Алексо Демниевски до Младински парк. - Улици кои гравитираат кон ученичкиот дом „Лазар Лазаревски“ за сето време на одржување на фестивалските денови
Баскер фест	јуни	-Улици кои гравитираат кон Младинскиот парк
Велешко културно лето	јули-август	- Улици кои гравитираат кон Младинскиот парк
Нов културен бран	јули-август	-Улици кои гравитираат кон Младинскиот парк
Чествување на Илинден	2 август	- Комплетно одржување на чистотата на градот -Приодот кон Спомен-костурницата и платото пред неа со скалилата

Денот на Свети вмч. Пантелејмон заштитникот на Велес	9 Август	-Улиците и приодите до црквата Св. Пантелејмон -Гробиштата во кругот на црквата
Рок фест	Август-септември	-Приодот кон Спомен-костурницата и платото пред неа со скалилата
Денот на државноста	8-ми Септември	- Комплетно одржување на чистотата на градот -Приодот кон Спомен-костурницата и платото пред неа со скалилата
Денот на востанието на македонскиот народ	11 октомври	- Комплетно одржување на чистотата на градот -Приодот кон Спомен-костурницата и платото пред неа со скалилата
Денот на македонската револуционерна борба	23 октомври	- Комплетно одржување на чистотата на градот -Приодот кон Спомен-костурницата и платото пред неа со скалилата
Фестивал на питите и виното	октомври	- Улици околу локацијата на одржување на фестивалот и самата локација
Денот на општината	6-10 Ноември	- Простор пред општинска зграда - Улици во централното градско подрачје и Алексо Демниевски - Простор пред Ликовен салон - Пристапна уличка кон Бели мугри -Приодот кон Спомен-костурницата и платото пред неа со скалилата
50-ти Детски рацинови средби	ноември	-Улици пред општинските училишта - Улици во централното градско подрачје и Алексо Демниевски
Одбележување на Нова година – новогодишна свеченост	пред новогодишните празници	-Простор пред општинска зграда -Улици во централното градско подрачје и Алексо Демниевски - Простор пред Ликовен салон - Пристапна уличка кон Бели мугри

Забелешка: На сите наведени површини, ЈКП Дервен е должен:

- да врши отстранување на целокупниот отпад од површината, освен на оставен и напуштен шут од градење и рушење на јавна површина за што задолжително го известува овластениот комунален инспектор;
- да врши отстранување на некролозите, плакатите и постерите од уличните столбови и дрвја со датум постар од една седмица;
- да врши отстранување на мртви кучиња и мачки од непознато потекло од јавните површини согласно прописите за безбедно отстранување.

Доколку се работи за труење во исто време на поголем број скитници, ЈКП Дервен е должен да ги извести МВР-СВР Велес и надлежните инспекциски служби за затекнатата состојба.

Собраниот отпад од метење и чистење на купови не смее да се остави на јавната површина и ЈКП Дервен е должен да го собере и отстрани од јавната површина истиот ден.

16. ПОСТАВУВАЊЕ НА ЗНАМИЊА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРАЗНИЦИ

Поставувањето на државни и општински знамиња на јарболи и улично осветлување се врши согласно Законот за празници на Република Македонија, како и за одбележување на 9-ти Ноември - Денот на општината.

Поставувањето на знамиња ќе се спроведе најдоцна еден ден пред датумот на обележувањето на празникот.

Поставувањето ќе се врши од страна на РЕ Паркови и зеленило заради поседување на соодветна опрема.

Знамињата поставени на уличното осветлување за празникот 11 Октомври остануваат на лице место до 9 Ноември. За секое продолжување на терминот потребно е да се обезбеди писмен документ од општината.
Финансирањето не е дел од оваа програма.

ПРАЗНИК	Јарболи	Улично осветлување
8 Септември – Ден на назависноста	x	x
11 Октомври – Ден на народното востание	x	x
23 Октомври – Ден на македонската револуционерна борба	x	x
8 Декември – Свети Климент Охридски	x	/
1 Мај – Ден на трудот	x	/
24 Мај – Свети Кирил и Методиј - Ден на сесловенските просветители	x	/
2 Август – Ден на републиката	x	x
9 Ноември – Ден на ослободувањето на Велес	x	x

VI.2. МИЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ

МИЕЊЕ НА УЛИЦИТЕ ВО СЕДМИЦАТА (ПРЕГЛЕД)
Миењето на улиците се извршува од 24.00-06.00 часот во период од 11 март до 17 ноември. Миењето нема да отпочне, односно се прекинува во утврдениот период, доколку прогнозите за ноќните температури се под 0°C.

ДЕНОВИ	УЛИЦИ	м^2
Понеделник	- “Благој Ѓорев” од почеток до ул.”Борис Трајковски” - “8-ми Септември” - “Алексо Демниевски”-од почеток до Пензионерски дом - “Страшо Пинџур” - “Гоце Делчев” - “Илинденска” - “Наум Наумовски Борче” и “Вардарска” до ЈКП Дервен - Паркинг плац до Саат кула	12100 10400 6050 1000 2000 1500 3000 300
Вторник	- “8-ми Септември” - “Страшо Пинџур” - “Гоце Делчев” - “Илинденска” - “Димитар Влахов” од железен мост до градски пазар - “Петре Прличко” од Малина до крај	10400 1000 2000 1500 17400 6270
Среда	- “8-ми Септември” - “Страшо Пинџур” - “Гоце Делчев” - “Илинденска” - “Борис Трајковски” - “Христо Татарчев” - “Никола Карев” - “АСНОМ” - “Методија Андонов Ченто” - “Панко Брашнар	10400 1000 2000 1500 8400 4000 2450 5400 1400 1260

Четврток	- “Благој Ѓорев” од почеток до ул.”Борис Трајковски” - “8-ми Септември” - “Алексо Демниевски”-од почеток до Пензионерски дом - “Страшо Пинџур” - “Гоце Делчев” - “Илинденска” - “Наум Наумовски Борче” и “Вардарска” до ЈКП Дервен - Паркинг плац до Саат кула	12100 10400 6050 1000 2000 1500 3000 300
Петок	- “8-ми Септември” - “Страшо Пинџур” - “Гоце Делчев” - “Илинденска” - “Димитар Влахов” од Железен мост до Градски пазар - “Петре Прличко” од Малина до крај	10400 1000 2000 1500 17400 6270
Недела	- “8-ми Септември” - “Страшо Пинџур” - “Гоце Делчев” - “Илинденска” - “Благој Ѓорев” од почеток до патот кон филтерница	10400 1000 2000 1500 24200
	Вкупно	226.750

Миењето на улиците во табелите подолу се извршува во текот на денот.

МИЕЊЕ НА УЛИЦИ ЕДНАШ СЕДМИЧНО

ДЕНОВИ	УЛИЦИ	$м^2$
	Лазо Осмаков Оливер Китановски Кумановска 11ти Октомври Павел Шатев Белградска Киро Ќучук Тодор Јанев Васил Ѓоргов Браќа Капчеви Самоборска	1600 400 600 250 1500 9000 4000 1200 4200 800 1800
	Вкупно	25.350

МИЕЊЕ НА УЛИЦИ ДВА ПАТИ МЕСЕЧНО

ДЕНОВИ	УЛИЦИ	$м^2$
Прва и трета недела во месецот	Горно Оризари Превалец ул. Ристо Попов Васил Главинов Луј Пастер	6000 4000 4200 6000
	Вкупно	20.200

МИЕЊЕ НА УЛИЦИ ЕДНАШ МЕСЕЧНО

УЛИЦИ	$м^2$
Индустриска	10000
8ма Велешка бригада	1200
Костурска	4000
Мирка Гинева	1800
Вкупно	17.000

Миењето на паркинзите ќе се извршува по потреба.

VI.3. РАЧНО ЧИСТЕЊЕ НА СНЕГ И МРАЗ ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ

Во зимскиот период доколку паѓа снег, наместо ставка VI.1 од оваа Програма, изведувачот е должен рачно да го чисти снегот и мразот од улиците и тротоарите опишани во табелата подолу.
Рачното чистење опфаќа чистење на снегот и мразот од:

УЛИЦА	ОПИС	км
ЈХК Џинот	До спојот со ул Прохор Пчински	0,40
Прохор Пчински	/	0,50
Архиепископ Михаил	/	0,90
Кирил и Методиј	/	0,50
Илинденска	Само тротоари на мост Гемиџии	/
8-ми Септември	Тротоарот на левата страна - од Сармаале до Стоковна куќа - од Стопанска банка до Стар мост и Стар мост	0,80
Благој Ѓорев	Тротоарот на левата страна - од Пошта до спој на ул. Шефки Сали - од ул. Љубљанска до влезот на Касарната Алексо Демниевски Тротоарот на десната страна - од Домот на АРМ до влезот на Касарната Алексо Демниевски	2,20
Алексо Демниевски	Тротоарот од двете страни - од почетокот до зградата на Општина Велес	1,10
Мало мовче	/	0,07
Пешачки надвозник на битолска пруга	/	0,04

VII. ВРЕМЕНСКИ РАСПОРЕД НА ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЦИТЕ (СЕДМИЧНО)

УЛИЦА	ОПИС	ДЕНОВИ ВО СЕДМИЦАТА						
		Пон.	Втор.	Среда	Четв.	Петок	Саб	Нед.
8-ми Септември	од Пошта до Стар мост	x	x	x	x	x	x	x
Алексо Демниевски	од Пошта до Жито Вардар	x	x	x	x	x	x	
Благој Ѓорев	од Пошта до пред касарната	x	x	x	x	x	x	x
Страшо Пинџур	/	x	x	x	x	x	x	x
Гоце Делчев	/	x	x	x	x	x	x	x
Илинденска	до мост Гемиџии	x	x	x	x	x	x	
Петре Прличко	од Стар мост до хотел Вила Зора и спој пред Биро за вработување со ул. Димитар Влахов		x	x	x	x	x	x
Димитар Влахов	од Градски пазар до Железен мост		x	x	x	x	x	x
Панко Брашнар	/	x	x	x	x	x	x	
Комплекс УЗУС	со дел од ул. Индустриска, од ул. АСНОМ до раскрсница со БРАКО	x	x	x	x	x	x	
11 Октомври	од Пазарче во Нова населба до споменик Бауман		x			x		x
Борис Трајковски	од спој со ул. Алексо Демниевски до спој со ул. АСНОМ	x		x		x		
Христо Татарчев	/		x		x		x	
Никола Карев	/		x		x		x	
Наум Наумовски Борче	од спој со ул. Алексо Демниевски до спој со ул. Благој Ѓорев	x		x		x		
Благој Ѓорев	од ул. Борис Трајковски до раскрсница со филтерница			X				
Нада Бутникошарова	/		x			x		x

Лазо Осмаков и дел од Љубљанска	Љубљанска од влезот на ООУ Блаже Конески до раскрсница со ул. Благој Ѓорев		X			X		
Браќа Капчеви	/			X			X	
Архиепископ Михаил	/				X			
Самоборска	/			x				
Кумановска	/				X			
Коле Неделковски	/				X			
8ми Март	/		X		X			

VIII. ВРЕМЕНСКИ РАСПОРЕД НА ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЦИТЕ (МЕСЕЧНО)

УЛИЦА	ДЕКАДА ВО МЕСЕЦОТ
Вардарска	I
Цар Самоил	I
Тодор Христов Офицерчето	I
Крсте Мисирков	I
Георги Војтех	I
Оливер Китановски	I
Васил Ѓоргов	I
Костурска	II
8ма Велешка бригада	I
Тодор Јанев	II
ЈХК Џинот	I
Прохор Пчински	I
Орце Мартинов	III
Васил Главинов	II
Индустриска	II
Ѓоре Органџиев (од Стар мост до спој со ул. Никола Оровчанец)	II
Методија Андонов Ченто	III
9ти Ноември	II
Кочо Рацин	II
Белградска	III
Луј Пастер	III
Јован Алабаков	III
Кирил и Методиј (од ООУ Кирил и Методиј до црква Св. Пантелејмон)	III
Вера Цировири (од спој со ул. Димитар Влахов до спој со ул. Киро Рогужаров)	III
Никола Оровчанец	I и III
Димко Најдов	II и IV
Алексо Демниевски од Жито Вардар до Железничка станица	I и III
Васил Ѓоргов	II и IV
АСНОМ	II и IV

Спој на ул.Алексо Демниевски и ул.Благој Ѓорев (кај Библиотека Бели Мугри)	I и III
Киро Димов (Витамин)	I
Славко Ѓорѓиев Сватот	III
Благој Ѓорев (зад БОС)	I
Васа Кошулчева (спој од ул. АСНОМ до ул. Алексо Демниевски)	IV
Павел Шатев	II
Алексо Демниевски (од влез на Новиот театар со спој со ул. Алексо Демниевски)	III
Бане Андреев Ронката	III

IX. ВРЕМЕНСКИ РАСПОРЕД НА ОДРЖУВАЊЕ НА ПАРКИНГ ПРОСТОРИ, ПЛОШТАДИ, НАДВОЗНИЦИ И ПОДВОЗНИЦИ, ПРИСТАПНИ ПАТИШТА, СКАЛИЛА КОИ ПОВРЗУВААТ ДВЕ УЛИЦИ

ОПИС	ВРЕМЕНСКИ РАСПОРЕД
Паркинг до Основен суд	понеделник и четврток
Паркинг до Градски пазар (Пармак)	понеделник и сабота
Паркинг до Саат кула	понеделник и четврток
Паркинг спроти касарна Алексо Демниевски Бауман	среда и сабота
Паркинг на Оливер Китановски	понеделник и петок
Паркинг спроти библиотека Бели мугри	понеделник и четврток
Паркинг на ул. Петре Прличко до Стар мост	среда и сабота
Паркинг на Градски пазар (горен дел)	понеделник и сабота
Паркинг на ул. Никола Карев	среда и сабота
Паркинг заден двор на Гимназија Кочо Рацин	среда и сабота
Паркинг пред мост на влез во река Бабуна	четири пати годишно
Плоштад Сармаале	секој ден
Уреден простор Гимназија и народен театар ЈХК Џинот	секој ден освен недела
Плоштад Панко Брашнар	понеделник
Уреден простор Народна кујна	од понеделник до сабота
Плоштад Којник	понеделник, среда и сабота
Простор кај Варналиите	секој први и петнаесетти во месецот
Простор кај Соколаана	еднаш месечно
Кеј	понеделник и четврток
Отворени простори пред згради и лулашки на ул. Лазо Осмаков	први и петнаесетии во месецот
Игралиште Дервенски поток	заедно со чистење на Дервенски поток + два пати според степен на загаденост
Петре Прличко (пристапи кон згради и театар	среда

Зад згради во Чешелот	втора декада во месецот
Отворен простор М.А.Ченто	четири пати годишно по степен на загаденост
Отворен простор 11ти Октомври	четири пати годишно по степен на загаденост
Уреден простор поликлиника УРЕД	понеделник и четврток
Стар мост	секој ден
Мост Гемиџии	понеделник, четврток и сабота
Мало мовче со галаријата	понеделник и четврток
Железен мост	среда
Подвозник ЈП Парк спорт	по потреба и по загаденост
Надвозник Битолска пруга	четврток
Влез во Велес од Штипско џаде од Костурница до Железен мост	септември и мај
Влез во Велес од Ветекс	октомври и јуни
Влез во Велес од манастир Свети Димитрија со генерално чистење за празник Балаклија	април и ноември
Пристап од индустриска зона Речани до бензиска пумпа на Макпетрол	април и септември
Влез во Велес од автобуска постојка во Превалец до патот за филтерница	март и октомври
Пешачки патеки на Езеро Младост	еднаш месечно од 01.05.-01.10.2019
Летниковци на Езеро Младост	три пати неделно (понеделник, средна и петок) од 01.05.-01.10.2019
Скалила кои ги поврзуваат ул. Илинденска и Петре Прличко	секоја среда
Скалила кои ги поврзуваат ул. Благој Ѓорев и Поликлиника УРЕД	вторник
Скалила кои ги поврзуваат ул. 8-ми Септември и Архиепископ Михаил	во втората декада од месецот
Скалила кои ги поврзуваат ул. Васил Главинов и Благој Ѓорев	секој први и петнаесетти во месецот
Скалила кои ги поврзуваат ул. Борис Карпузов и Шефки Сали	секој десетти и трисетти во месецот
Скалила кон Којник	втора декада

X. ВОНРЕДНО ОДРЖУВАЊЕ

Вонредното одржување ќе опфати:

- метење и перење на улиците при големи поројни дождови,
- метење и перење на јавни површини во населени места кои добиваат комунални услуги заради одржување на прослави,
- метење и перење на јавни површини од незгоди и несреќи,
- метење и перење при одржување на спортски и културни манифестации на непредвидени локации во оваа програма, а организирани или поддржани од општината
- отстранување на мртов крупен добиток на јавни површини од непознато потекло.

Финансирањето од став 1, алинеја 1, 2, 3 и 4 ќе се изврши како редовно одржување, по $м^2$ исчистена јавна површина. Извршување на работните активности од страна на ЈКП Дервен ќе се врши по доставување на работен налог од Општина Велес или по решение од надлежен орган.

Доколку се работи за итно и неодложно одржување при непредвидени состојби, особено во попладневните и ноќните часови (порои, поплави, незгоди, несреќи и сл.), извршување на работните активности ќе се врши со давање на устен налог за извршување од Општина Велес и отворање на работен налог со дневен извештај од страна на ЈКП Дервен. Писмен налог од Општина Велес ќе се изготви првиот работен ден.

Финансирањето на став 1, алинеја 5 ќе биде дел од оваа Програма, со задолжување преку доставување на фактура, по цени утврдени од Советот на Општина Велес за извршени услуги према правни и физички лица за вонредно ангажирање на механизација (ровокопач, трактори, цистерни и сл.).

XI. БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ СТАВКА	ВКУПНА ПОВРШИНА M^2/ГОДИШНО	ВКУПНА СУМА/ДЕНАРИ
Метење на улици секој ден	1.752.000	893.520,00
Метење на улици секој ден освен во недела	1.940.600	989.706,00
Метење на улици три пати седмично	873.600	445.536,00
Метење на улици два пати седмично	228.800	116.688,00
Метење на улици еднаш седмично	328.328	167.447,00
Метење на улици еднаш месечно	315.072	160.687,00
Метење на улици два пати месечно	139.560	71.176,00
Метење на улици четири пати годишно	26.968	13.754,00
Метење на паркинг простори	785.280	400.493,00
Метење на плоштади и уредени отворени простори	454.276	231.681,00
Метење на видиковци	2.064	1.053,00
Метење на мостови, подвозници и надвозници	128.040	65.300,00
Чистење на пристапни патишта и патеки	334.172	170.428,00
Чистење на скалила кои поврзуваат две улици	12.400	6.324,00
Чистење на крајбрежја	100.000	51.000,00
ВКУПНО:	**7.421.160**	**3.784.792,00**
Миење на јавни површини во седмицата	8.163.000	3.836.610,00
Миење на улици еднаш седмично	912.600	428.922,00
Миење на улици два пати месечно	165.000 363.600	77.550,00 170.892,00
Миење на улици еднаш месечно	153.000	71.910,00
ВКУПНО:	**9.592.200**	**4.508.334,00**
Вонредно одржување	/	**1.010.617,00**
Одржување на 2 санитарни јазли	/	**961.153,00**
Одржување на споменици	3.000	**1.650,00**
ВКУПНО:	**17.016.360**	**10.266.546,00**
Набавка на возило за машинско чистење на улици	**/**	**2.017.200,00**
СУМА:		**12.283.746,00**

Во оваа Програма предвидено е вкупно годишно одржување на јавните површини и тоа: метење 7.421.160м^2, миење 9.592.200м^2, вонредно одржување, генерално пролетно чистење, одржување на санитарните јазли и одржување на споменици.

Вкупната површина за годишно одржување на јавните површини изнесува 17.016.360м^2.

За одржување на овие површини, со обем и фреквенција предвидена во програмата потребни се 10.266.546,00 денари.

Метење на јавна површина чини **0,51** денари/м^2, перење чини **0,47** денари/м^2, а чистење на снег и мраз во зимски услови чини **4,15** денар/м^2.

За финансирање на овие ставки од Програмата, Општина Велес ќе склучи договор со ЈКП Дервен, кој ќе врши месечно задолжување со доставување на фактура.

За набавка на возило за машинско чистење на улици средствата во износ од 2.017.200,00 ден. ќе се трансферираат на сметката на ЈКП Дервен, кој е должен да спроведе јавна набавка, а тоа ќе биде регулирано согласно договорот кој ќе биде потпишан за извршување на активностите за јавната чистота. Активностите утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата собрани од надоместокот за одржување на јавната чистота, а кои се приход во Буџетот на Општина Велес.

За спроведувањето на работните задачи на оваа Програма потребни се 23 метачи, 6 перачи, 2 работника за собирање на смет, 1 тракторист, 2 возачи на специјални возила и 1 работоводител.

XII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Надзор над спроведување на оваа Програма врши општинскиот комунален инспектор и стручен соработник за животна средина.

За спроведените активности на терен, изведувачот ќе биде задолжен до Општина Велес да доставува работен налог со дневен извештај, месечни извештаи за извршената работа, а на крајот на годината и годишен извештај кој ќе биде доставен до Градоначалникот и Советот на Општина Велес.

ЈКП Дервен е должен Дневниот извештај за извршена работа во електронска форма да го достави до општинскиот комунален инспектор и стручниот соработник за животна средина во општината најдоцна до 12.00 часот, за активности извршени во текот на денот-за работни денови. За извршените активности во недела, дневниот извештај во електронска форма да се достави во понеделник, најдоцна до 10.00 часот.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-6053/7
27.11.2018 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р

Бр.334

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09 18/10, 15/14 и 15/18)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К

за објавување на Решение за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член на Училишниот одбор на средното општинско училиште „Гимназија Кочо Рацин" Велес

Се објавува Решението за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член на Училишниот одбор на средното општинско училиште „Гимназија Кочо Рацин" Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 26.11.2018 година.

Број 08-6077/6
28.11.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 88, став 4 од Законот за средното образование („Сл.весник на РМ" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/2005, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14,10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09,18/10, 15/14 и 15/18),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.11.2018 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член на Училишниот одбор во средното општинско училиште „Гимназија Кочо Рацин "- Велес

1. Гоце Алексовски претставник на Општина Велес, се разрешува од должноста член на Училишниот одбор на СОУ „Гимназија Кочо Рацин "- Велес.

2. За член на Училишен одбор на СОУ „Гимназија Кочо Рацин "- Велес, претставник од Општина Велес се именува:

- Златко Костов

3. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-6053/8
27.11.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

Бр.335

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09 18/10, 15/14 и 15/18)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за дополнување на Решението за разрешување и именување на претставници на Општина Велес за членови на Управен одбор во Локалната библиотека „Гоце Делчев" Велес

Се објавува Решението за дополнување на Решението за разрешување и именување на претставници на Општина Велес за членови на Управен одбор во Локалната библиотека „Гоце Делчев" Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 26.11.2018 година.

Број 08-6077/7
28.11.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 13 од Законот за библиотеките („Сл.весник на РМ" бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06, 3/09,18/10, 15/14 и 15/18)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.11.2018 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за дополнување на Решение за разрешување и именување на претставници на Општина Велес за членови на Управен одбор во Локалната библиотека „Гоце Делчев" Велес

1. Во Решението за разрешување и именување на претставници на Општина Велес за членови на Управен одбор во Локалната библиотека „Гоце Делчев" Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.19/18) во точка 2 по алинеја 3 се додава следниот текст:

- Гордана Васковска и
- Весна Ќамилова претставници од установата

Членовите на управниот одбор се именуваат за време од четири години и може повторно да бидат именувани.

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-6053/9
27.11.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

Бр.336

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 18/10, 15/14 и 15/18)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Дервен“ Велес за период од 2018-2020 година

Се објавува Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Дервен“ Велес за период од 2018-2020 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 26.11.2018 година.

Број 08-6077/8
28.11.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 11, став 1, точка 6 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ” бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06 22/07, 83/09,97/10,6/12, 119/13, 41/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16), член 36 став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр. 12/06,13/09,18/10, 15/14 и 15/18),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.11.2018 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Дервен“-Велес за период од 2018-2020 година

1. Со ова Решение се дава согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Дервен“-Велес за период од 2018-2020 година, донесена од Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес бр. 02-2287/6 на седницата одржана на 24.09.2018 година.

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Бр. 25-6053/10
27.11.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

Бр.337

Врз основа на член 3 од Деловникот за работа на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес (Сл.гласник на Општина Велес бр.11/11),

Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес на ден 21.11 .2018 година, донесе

ПРАВИЛНИК
ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И НАЧИНОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СТИПЕНДИИ НА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО ОПШТИНА ВЕЛЕС

Општи одредби

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат условите, критериумите, видот и бројот на стипендиите, условите на објавување на јавниот конкурс, пријавувањето, начинот на доделување стипендии, правата и обврските на примателите на стипендиите како и други прашања кои се однесуваат на начинот на доделување на стипендиите на талентирани ученици и студенти од Општина Велес. (Во понатамошниот текст-Правилникот).

Член 2

Предлог за доделување стипендии дава Комисијата за стипендирање талентирани ученици и студенти формирана од Советот на Општина Велес до Советот на Општина Велес, кој носи одлука за доделување на стипендиите.

Доделувањето на стипендиите се врши на свечена седница. Доделувањето го врши Градоначалникот на Општина Велес.

За бројот на стипендиите и висината на стипендијата одлучува Комисијата.

Комисијата го распишува јавниот оглас и ги утврдува условите за пријавување. (Во понатамошниот текст -Комисијата).

Видови и број на стипендии

Член 3

Општина Велес преку Комисијата за учебна година ќе доделува:

- 10 стипендии на талентирани ученици од III- IV година во средно образование;
- 10 стипендии на талентирани студенти со завршена најмалку една година од студиите во високото образование.

Висината на стипендиите е:

- За ученици стипендијата е во висина од 1.500 денари месечно, а се исплатува 9 (девет) месеци во годината;
- За студенти стипендијата е во висина од 2.000 денари месечно, а се исплатува 9 (девет) месеци во годината.

Услови и критериуми за доделување стипендии

Член 4

Право на стипендија имаат кандидатите кои учат и студираат во училиштата и факултетите во Република Македонија, а ги исполнуваат следните услови:

- Да се редовни ученици од средно образование (од III или IV година) со континуиран одличен успех кои освоиле I награда на државни натпревари или I, II или III награда на меѓународен натпревар од областа на науката, техниката, културата и спортот;
- Да се редовни студенти (со запишана II година) кои освоиле I награда на државни или I, II, или III награда на меѓународни натпревари од областа на науката, техниката, културата и спортот при што приоритет имаат кандидатите кои освоиле повисока награда, а кои во претходните години на студии постигнале просечен успех од 9,00 или над.
- Да се жители на Општина Велес и
- Да се државјани на Република Македонија.

Бодирање

Член 5

1.Бодирањето за **ученици** ќе се врши преку

- Освоени награди на државни натпревари за I место со **15 бода**, за II место со **10 бода** и за III место со **5 бода**;
- Освоени награди на меѓународни натпревари за I место со **30** бода, за II место со **20** бода и за III место со **10** бода;
- Општествените и интелектуални иницијативи на учениците (учества во хуманитарни акции, учества на семинари, конференции, образовни проекти, активни партиципации во НВО, благодарници и слично) ќе се бодираат со по 1 бод
- Во случај да има двајца кандидати со ист број бодови ќе се бодира и економската состојба на начин што ќе се цени материјалната положба- надоместокот кој се добива по член на семејството.

2.Бодирањето за **студенти** ќе се врши преку:

- Освоени награди на државни натпревари за I место со **15** бода, за II место со **10** бода и за III место со **5** бода;
- Освоени награди на меѓународни натпревари за I место со **30** бода, за II место со **20** бода и за III место со **10** бода;
- Општествените и интелектуални иницијативи на студентите (учества во хуманитарни акции, учества на семинари, конференции, образовни проекти активни партиципации во НВО, благодарници и сл.) ќе се бодираат со по 1 бод
- Објавени стручни трудови од областа за која се оспособува со **5** бода ,
- Во случај да има двајца кандидати со ист број бодови ќе се бодира и економската состојба на начин што ќе се цени материјалната положба- надоместокот кој се добива по член на семејството.

3.Бодирањето на учениците и студентите во зависност **од успехот** кој е постигнат ќе се врши на следниот начин:

- **учениците** кои имаат континуиран одличен успех ќе се бодираат со 10 бода, а додека учениците со одличен успех со 5 бода;
- **студентите** ќе се бодираат на следниот начин:
  - за успех од 9,00 -9,10 со 2 бода;
  - од 9,11 -9,20 со 4 бода;
  - од 9,21 -9,30 со 6 бода;
  - од 9,31 -9,40 со 8 бода;
  - од 9,41 -9,50 со 10 бода;
  - од 9,51 -9,60 со 12 бода;
  - од 9,61 -9,70 со 14 бода;
  - од 9,71 -9,80 со 16 бода;
  - од 9,81 -9,90 со 18 бода;
  - од 9,91 -9,99 со 20 бода;
  - со 10,0 со 25 бода;

4. Бодирање на студентите кои студираат на Универзитетите во Р. Македонија ќе се врши согласно најновата ранг листата на македонски високо образовни институции (рангирање согласно Центарот за светска класа на универзитети при Универзитетот Џиао Тонг во Шангај) и следната бодовна скала:

- студентите од најдобро рангираниот универзитет добиваат 25 бодови
- студентите од второ рангираниот универзитет добиваат 20 бодови
- студентите од трето рангираниот универзитет добиваат 15 бодови

-
- студентите од четврто рангираниот универзитет добиваат 10 бодови
- студентите од петто рангираниот универзитет добиваат 8 бодови
- студентите од шесто рангираниот универзитет добиваат 7 бодови
- студентите од седмо рангираниот универзитет добиваат 6 бодови
- студентите од осмо рангираниот универзитет добиваат 5 бодови
- студентите од девето рангираниот универзитет добиваат 4 бодови
- студентите од десето рангираниот универзитет добиваат 3 бодови
- студентите од единаесето рангираниот универзитет добиваат 2 бодови
- студентите од сите универзитетите кои се рангирани под дванаесето место добиваат по 1 бод

Член 5а

Комисијата го задржува правото да го вреднува опсегот, рангот и тежината на државните и меѓународните натпревари на кои учениците и студентите освојуваат награди. Согласно вредносната проценка на државниот или меѓународниот напревар, Комисијата може да додели помал број на бодови од предвидените согласно член 5. Одлуката за доделување помал број на бодови се носи со консензус на членовите на Комисијата.

Обезбедување на средствата за стипендиите

Член 6

Средствата за финансирање за стипендирање на талентираните ученици и студенти се обезбедуваат од Буџетот на Општината, како и со прибавување финансиски средства од донации или прилози дадени од правни и физички лица од земјата и странство.

Средствата за десет стипендии за ученици и десет за студенти се обезбедени од Буџетот на Општината.

Бројот на стипендии за тековната година може да се зголеми во зависност од обезбедените и прибраните средства од донаторите.

За зголемениот број на стипендии за тековната година, Комисијата ќе донесе посебна Одлука во која ќе го определи бројот на стипендии и ќе го утврди донаторот и висината на средствата.

Во овој случај донаторот има право сам да го бира стипедијантот од пријавените кандидати.

Јавен конкурс

Член 7

Јавниот конкурс го објавува Комисијата и содржи: вид и број на стипендии, услови за доделување на стипендии, потребна документација, место и рокови на поднесување на документацијата.

Конкурсот се објавува на огласна табла и на интернет страната на Општината www.veles.gov.mk, на огласна табла во сите средни училишта во градот и локалните медиуми.

Пријавување

Член 8

Пријавувањето на јавниот конкурс за стипендирање на талентирани ученици и студенти во Општина Велес се врши со пополнување на Пријава-образец кој е изготвен од Комисијата.

Пријавата заедно со другите обрасци може да се подигне од Општинскиот центар за услуги при Општина Велес.

Пријавата со комплетната документација се доставува до Комисијата.

Подносителот на пријавата е должен со пријавата да достави:

- Пријава од апликантот до Комисијата;
- Потврда за жителство во Општина Велес (фотокопија од лична карта или пасош или друг документ со кој се потврдува жителството);
- Свидетелства за континуиран одличен успех;
- Уверение за положени испити;
- Потврда за запишана година на факултетот;
- Документ кој потврдува освоени награди на државни натпревари;
- Документ кој потврдува освоени награди на меѓународни натпревари;
- Потврда за објавени стручни трудови;
- Препорака од предметниот наставник/ментор на студентот;
- Препорака од наставничкиот колегиум/училиштето-факултетот;
- Уверение за семејно и материјална положба;
- Потврди за личен доход на вработените членови од семејството;
- Потврда од Агенцијата за вработување за невработените членови од семејството;

Кон пријавата апликантот е должен да достави и Изјава дека сите податоци доставени со целокупната документација се вистинити и содржината на истите е вистинита заверена кај нотар.

Донесување Одлука

Член 9

По завршувањето на истекот на рокот предвиден во јавниот конкурс за поднесување на пријавите, Комисијата ги разгледува доставените пријави.

Ги утврдува комплетните и навремено доставените пријави и врши нивно рзагледување и бодирање.

Некомплетните и ненавремено доставени пријави Комисијата нема да ги разгледува и ќе бидат вратени на подносителите на пријавите.

Член 10

По извршеното бодирање на комплетните и навремено доставените пријави, Комисијата составува листа на бодирани кандидати.

Доколку има кандидати со ист број бодови, предност ќе има кандидатот со послаба материјална состојба.

Во случај бодираните кандидати да имаат ист број на бодови и иста материјална состојба, Комисијата ќе донесе одлука со мнозинство на гласови, а ќе се гласа поединечно за секој кандидат по редослед утврден по азбучен ред од презимето на кандидатот.

Член 11

По завршување на бодирањето на пријавените кандидати, Комисијата изготвува извештај за својата работа и подготвува Предлог-одлука за избор на талентирани ученици и студенти кој добиваат стипендија за учебната година.

Предлог-одлуката заедно со извештајот се доставуваат до Советот на Општина Велес на разгледување и усвојување.

Одлуката за избор на талентирани ученици и студенти за тековната година ќе биде објавена на огласна табла во Општинскиот центар за услуги, на веб страната и во службено гласило на општината.

Член 12

По донесувањето на одлуката и извршениот избор, Комисијата ги известува сите пријавени кандидати и на неизбраните им ги доставува приложените документи со пријавата.

Приговор

Член 13

Незадоволните кандидати имаат право на приговор до Комисијата, во рок од 3(три) дена од денот на приемот на одлуката за избор.

Приговорот се доставува во писмена форма.

Одлуката по приговорот се доставува во рок од 5 дена од денот на доставувањето на приговорот.

Одлуката на Комисијата е конечна.

Договор и начин на исплаќање

Член 14

Корисникот на стипендијата е должен да склучи Договор со општината со кој ќе се уредат меѓусебните права и обврски и начинот на исплата на стипендијата.

Стипендијата ќе се исплатува 9(девет) месеци во годината, започнувајќи од месец октомври, па се до месец јуни.

Стипендијата се уплатува на трансакциона сметка на корисникот на стипендијата.

Завршни одредби

Член 15

Членовите на Комисијата се должни да се придржуваат на одредбите од Правилникот.

Член 16

По предлог на членовите на Комисијата овој Правилник може да се менува, на начин и во постапка како што се и донесува.

Член 17

Со донесувањето на овој правилник престанува да важи Правилникот за условите,критериумите и начинот за доделување на стипендии на талентирани ученици и студенти во Општина Велес (Сл.гласник на Општина Велес број 13/15) и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за условите, критериумите и начинот за доделување на стипендии на талентирани ученици и студенти во Општина Велес (Сл.гласник на Општина Велес број 12/16)

Член 18

Правилникот стапува во сила со денот на неговото донесување и ќе биде објавен во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-5908/2
21.11.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес
м-р Живко Пренџов с.р

Бр.338

Врз основа на член 3 од Деловникот за работа на Комисијата стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес, Комисијата стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес на ден 21.11.2018 година, донесе

ГОДИШНА ПРОГРАМА
за работа на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес за 2018/2019 година

Вовед

Основна цел и задача на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес е стипендирање на талентирани ученици и студенти од Општина Велес кои во текот на школувањето покажуваат значајни резултати во образованието, со што ќе се поттикнува и поддржува интелектуалниот развој на младата генерација од сите научни области и дисциплини. (Во понатамошниот текст -Комисијата).

Комисијата ќе го следи и економски ќе го помага научниот развој на учениците и студентите на Општина Велес.

Појдовни начела

1. Досегашните искуства и потреба за доделување на стипендии за талентирани ученици и студенти со високи образовни резултати.
2. Одредбите за заштита за ученичкиот и студентскиот стандард.
3. Потребата за економската поддршка на талентираните ученици и студенти.
4. Комисијата, своите должности и одговорности ќе ги остварува според Уставот на Република Македонија, Законот, Деловникот за работа, Годишната програма за работа на Комисијата, Правилникот за услови и критериуми за доделување на стипендии и насоките на Советот на Општина Велес.
5. Искуствата на други Комисии.

Дејствување

- откривање, стимулирање и негување надарени ученици и студенти од различни области на науката, техниката,културата,уметноста и спортот;
- соработка со воспитно- образовните институции и менторите;
- континуирана промоција на постигања на стипендијаните преку радио-телевизиските станици и печатот;
- -соработува со сите субјекти кои имаат програми со кои придонесуваат во развој на учениците и студентите;
- соработка со родителите заради заедничко дејствување за доброто на ученикот и студентот;
- исклучува политичко дејствување и активности насочени против уставниот поредок и против разгорување на национална, расна или верска нетрпеливост.

Цели и задачи

- Доделување на стипендии на талентирани ученици и студенти од Општина Велес;
- поттикнување на високи резултати во сите научни области;
- следење и проценување на резултатите на стипендијантите во образованиот процес.

Појдовни критериуми

- постигнати високи резултати во образованието;
- постигнати високи резултати на државни и меѓународни натпревари;
- дефицитарност на кадарот од одредени профили;
- талентираност на стипендијантот;

Конкурсни рокови

- конкурсен рок на ученици и студенти: месец- ноември

Финансирање

Средствата за финансирање за стипендирање на талентираните ученици и студенти се од Буџетот на Општината, како и прибавување финансиски средства од донации или прилози дадени од правни и физички лица од земјата и странство.

Бројот на стипендијантите според средствата обезбедени во Буџетот на Општината за оваа намена се десет за ученици и десет за студенти.

Идни активности

- прибирање на средства од повеќе донатори;
- организирање на средби со можни финансиери;
- информирање на поширока јавност со цел да се зголемуваат средствата за стипендирање на ученици и студенти;
- организира разни акции и манифестации сврзани со целите и задачите на Фондацијата.

Број 25-5908/3
21.11.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес,
м-р Живко Пренџов с.р

Бр. на акт **Страница**

329	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес** **О Д Л У К А за изменување и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес**	**892**
330	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Велес** **О Д Л У К А за изменување и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Велес**	**900**
331	**З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Велес за 2018 година** **З А К Л У Ч О К за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Велес за 2018 година**	**901**
332	**З А К Л У Ч О Кза објавување на Заклучок за донесување Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Велес за 2019 година** **З А К Л У Ч О К за донесување Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Велес за 2019 година** **ПРОГРАМА за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Велес во 2019 година**	**903**
333	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување Програма за одржување на јавна чистота на територијата на Општина Велес за 2019 година** **З А К Л У Ч О К за донесување Програма за одржување на јавна чистота на територијата на Општина Велес за 2019 година** **П Р О Г Р А М А ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА 2019 ГОДИНА**	**904**
334	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член на Училишниот одбор на средното општинско училиште „Гимназија Кочо Рацин“ Велес**	**928**

Бр. на акт **Страница**

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член на Училишниот одбор во средното општинско училиште „Гимназија Кочо Рацин "- Велес

335 **З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за дополнување на Решението за разрешување и именување на претставници на Општина Велес за членови на Управен одбор во Локалната библиотека „Гоце Делчев" Велес** **929**

Р Е Ш Е Н И Е за дополнување на Решение за разрешување и именување на претставници на Општина Велес за членови на Управен одбор во Локалната библиотека „Гоце Делчев" Велес

336 **З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Дервен" Велес за период од 2018-2020 година** **930**

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Дервен"-Велес за период од 2018-2020 година

337 **ПРАВИЛНИК ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И НАЧИНОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СТИПЕНДИИ НА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО ОПШТИНА ВЕЛЕС** **930**

338 **Г О Д И Ш Н А П Р О Г Р А М А за работа на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес за 2018/2019 година** **934**

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00